**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1010 – 544/5**
**Скопје 10/10/2008 година**

**ДО**
**ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија за 2007 година (во натамошниот текст ЈП Службен весник), прикажани на страните од 3 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на ЈП Службен весник за 2006 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:
   - ✓ Тони Трајанов, директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 07/07/2008 до 25/07/2008 и од 18/08/2008 до 29/08/2008 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - ✓ дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - ✓ дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.



***Овластен државен ревизор***

__________________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба во сите значајни аспекти на ЈП Службен весник како и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува.

11. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година.

12. Вкупниот нето ефект од прифатените и спроведените корекции од страна на субјектот со извршената ревизија врз Билансот на состојба е следната:

- ✓ намалување на состојбата на Нематеријални и материјални средства за 3.215 илјада денари;
- ✓ зголемување на состојбата на Капиталот за 112 илјади денари;
- ✓ намалување на состојбата на Ревалоризационата резерва за 3.327 илјади денари.

**13. Обелоденување:**

Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија функционира согласно одредбите од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ и Законот за јавните претпријатија. Според Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“, директорот на јавното претпријатие го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Со измените на Законот за јавните претпријатија од 2006 година, директорот на јавното претпријатие го избира и разрешува Управниот одбор врз основа на јавен конкурс, што е спротивно на одредбите од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија.“ Неусогласеност помеѓу овие закони е констатирана и во делот на учество на вработените во Управниот одбор и одговорноста на директорот пред различни органи.

Во услови на колизија на законски прописи, субјектот не бил во можност да изврши усогласување на одредбите на статутот во делот за начинот на избор на директорот.

**Препорака:**

Одговорното лице да покрене иницијатива за усогласување на одредбите на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“со одредбите на Законот за јавни претпријатија.

**Скопје, 09/10/2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА УСПЕХОТ ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 88,978 | 86,914 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 35 | 65 |
| Останати деловни приходи | 257 | 312 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **89,270** | **87,291** |
| Материјални трошоци | 20,058 | 19,036 |
| Трошоци за бруто плати | 22,466 | 21,595 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 6,579 | 6,689 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 188 | 737 |
| Резервирања за трошоци и ризици | 15 | 79 |
| Останати оперативни трошоци | 6,002 | 5,897 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **55,308** | **54,033** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 4,450 | 6,727 |
| Приходи од учества на вложувања | - | 80 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **38,412** | **40,065** |
| Вонредни расходи | 9 | 17 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **38,403** | **40,048** |
| **Даноци и придонеси** | **4,150** | **5,556** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **34,253** | **34,492** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2007 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 174,665 | 155,201 |
| Побарувања по основ на продажба | 6,531 | 5,733 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 15,268 | 0 |
| Други краткорочни побарувања | 1,810 | 2,249 |
| Платени трошоци за идните периоди | 191 | 155 |
| Залихи | 1,809 | 1,397 |
| **Вкупно тековни средства** | **200,274** | **164,735** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 84,594 | 79,096 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 2,244 | 2,627 |
| **Вкупно нетековни средства** | **86,838** | **81,723** |
| **Вкупна актива** | **287,112** | **246,458** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 6,111 | 3,752 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 149 | 190 |
| Останати краткорочни обврски | 1,150 | 1,612 |
| Одложени плаќања на трошоци | 12,134 | 10,916 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **19,544** | **16,470** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 203,324 | 174,006 |
| Ревалоризациона резерва | 10,474 | 7,147 |
| Резерви | 19,517 | 14,343 |
| Добивка за финансиска година | 34,253 | 34,492 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **267,568** | **229,988** |
| **Вкупна пасива** | **287,112** | **246,458** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2007 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалор. резерва | Акумулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **174,006** | **14,343** | **7,147** | **34,492** | **229,988** |
| Добивка за финансиска 2007 година | - | - | - | 34,253 | **34,253** |
| Распределба на добивката за 2006 година во корист на капиталот и резервите | 29,318 | 5,174 | - | (34,492) | **-** |
| Ревалоризациона резерва за годината | - | - | 3,327 | - | **3,327** |
| Прифатени корекции од ревизијата | 112 | - | (3,327) | - | **(3,215)** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **203,436** | **19,517** | **7,147** | **34,253** | **264,353** |



*Ул:”Маршал Тито”бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 Ден.

| | **2007/2006** |
|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **38,403** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 6,467 |
| Ревалоризациони резерви | 112 |
| Резервации за трошоци | 15 |
| Вонредни расходи/рекламација и давање производи за сопствени потр. | 9 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 188 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 3 |
| Данок од добивка | (4,150) |
| **Готовински текови од работење** | **41,047** |
| Побарувања по основ на продажба | (798) |
| Побарувања од поврзани субјекти | (15,268) |
| Други краткорочни побарувања | 439 |
| Платени трошоци за идните периоди | (36) |
| Залихи | (412) |
| Обврски спрема добавувачи | 2,357 |
| Примени аванси, депозити и кауции | (41) |
| Останати краткорочни обврски | (462) |
| Одложени плаќања на трошоци | 1,218 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **28,044** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 173 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (8,753) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(8,580)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | - |
| Капитал | - |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **-** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **19,464** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **155,201** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **174,665** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

***Овластен државен ревизор***